# Република Северна Македонија
## Државен инспекторат за земјоделство

Архивски број: 04- 37/1
Датум: 09.01.2023 година

**Записник**

**За спроведениот практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор**

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор ( "СЛ.весник на РСМ" бр.102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор( "СЛ.весник на РСМ" бр.238/19), на ден 09.01.2023 година, со почеток во 09.00 часот, во службените простории на Државниот инспекторат за земјоделство, пред Комисија за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор, формирана од в.д.Директор на Државниот инспекторат за земјоделство со арх.бр.04-1119/3 од 23.12.2022 година, се спроведе практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисија во состав:
1. Валентина Стојаноска – Советник инспектор, ментор на кандидатот,
2. Јован Карчовски – Главен инспектор ,
3. Христина Ташевска – Виш инспектор,
4. Меџит Јусуфи – Претставник од Инспекциски Совет.

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор Илија Димитровски, на работно место Помлад иснпектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика во внатрешноста на државата во Република Северна Македонија, во Одделение за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика во внатрешноста на државата- Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор( "СЛ.весник на РСМ" бр.238/19), при што кандидатот за инспектор Илија Димитровски, изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор.

Презентацијата на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Илија Димитровски за ниво В4 – Помлад инспектор, ги утврди освоените бодови и тоа:


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр 18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за земјоделство**

- Планирање и подготовка на инспекциски надзор – 15 бодови,
- Спроведување на инспекциски надзор – 30 бодови,
- Затворање на инспекциски надзор – 30 бодови и
- Документирање на инспекциски надзор – 15 бодови.

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор Илија Димитровски за ниво В4 – помлад инспектор, освои вкупно 90 бодови и со тоа успешно го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:
Почеток во 09.00 часот на ден 09.01.2023 година,
Завршување во 13.00 на ден 09.01.2023 година.

Комисија за полагање на практичен дел од испитот.

Валентина Стојаноска____________
Јован Карчовски ____________
Христина Ташевска Х. Ташевска
Меџит Јусуфи ____________

Изработил: С.Д.